ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"СЈУ РАЈДЕР"
бр. 02-165/9
24.07.2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 212 од Законот за социјална заштита ( Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.05.2019 година) како и член 20 од Статутот на ЈОУ Дом за страи лица „Сју Рајдер„ Битола , а во врска со Јавен оглас бр.1/2023 од 16.05.2023 година за вработување на ѓеронто домаќин на неопределено време ( објавен во дневниот печат Нова Македонија и Коха) по предходно добиената согласност на МТСП на РСМ, **Директорот на Јавна општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола** на ден **24.07.2023** година, ја донесе следната;

**О Д Л У К А**

**Член 1**

За работа на определено време (замена на отсутни работници до нивно враќање на работно место, но најдоцна до 31.12.2023 година) за работните места главна медицинска сестра 1 извршител, геронто- домаќин 2 извршители, медицинска сестра 1 извршител, административен техничар 1 извршител во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола од пријавените 3(три) кандидати пријавени на огласот бр.3/2023 од 11.07.2023 година, се избираат 2 (два) кандидати за работно место медицинска сестра и административен техничар и тоа:

1.Мишевска Лилјана за работно место медицинска сестра

2.Ангелевска Наташа за работно место административен техничар

**Член 2**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На Јавниот оглас бр.3/2023 од 11.07.2023 година за вработување на 5 (пет) извршители на работно место главна медицинска сестра 1 извршител, геронто- домаќин 2 извршители, медицинска сестра 1 извршител, административен техничар 1 извршител на определено време (замена на отсутни работници до нивно враќање на работно место, но најдоцна до 31.12.2023 година) во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола, се јавија 3 (три) кандидати, но административната селекција ја поминаа и условите ги исполнуваа само 2 (два ) кандидати.

Кандидатите: Мишевска Лилјана, Ангелевска Наташа, своите пријави со потребните документи ги доставија во Архивата на Домот во определениот рок и истите им беа прифатени како комплетни, а третиот кандидат не ги исполнуваше потребните услови за вработување и не ја помина административната селекција согласно Јавниот оглас бр.3/2023 од 11.07.2023 година.

Според погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволните кандидати имаат право да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од приемот на истата.

**Доставено до:**
-Кандидатите
-Архивата на Домот за стари лица Сју Рајдер Битола

ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" Битола
Директор
Марина Крстиќ